РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛЕТ - СКОПЈЕ

Врз основа на член 150 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 153/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21,150/22 и 256/22), а во врска со член 11 од Правилникот за специјализациите и супспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/2021) и член 57 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/2019), на предлог на Одборот за специјализации и супспецијализации, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје на својата 59-та редовна седница, одржана на ден 7.7. 2023 година ја донесе следнава

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1908/1
07.07 2023 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за одобрување на супспецијализација и постапка и услови за промена на гранка на супспецијализација

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Предмет на оваа Одлука е утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапката за одобрување на супспецијализација и постапка и услови за промена на гранка на супспецијализација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје за здравствени работници вработени во приватни здравствени установи, невработени и вработени во други правни лица.

## УСЛОВИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**член 2**

Услов за запишување на супспецијализација на Стоматолошкиот факултет - Скопје е кандидатот покрај општите услови да има завршено соодветна специјализација согласно Планот и програмата за видот на супспецијализацијата која бара да му биде одобрена, и тоа:

- За одобрување на суспецијализацијата по **орална имлантологи**ја, кандидатот треба да има завршено една од следните гранки на специјализација: орална хирургија, максилофацијална хирургија, стоматолошка протетика или пародонтологија.
- За одобрување на супспецијализација по **ендодонција со ендодонтска хирур**гија, кандидатот треба да има завршено една од следните гранки на специјализација: ендодонција со реставративна стоматологија или орална хирургија.

## КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ

**член 3**

Доколку на објавениот оглас за одобрување на супспецијализација се јават повеќе кандидати од предвидениот број со огласот, кои ги исполнуваат условите за одобрување на супспецијализација, кандидатите кои се јавуваат на објавениот оглас, ќе бидат рангирани врз основа на следниве критериуми за селекција на кандидати:

1. Просечен успех од студиите -најмногу 60 бода;
2. Просечна оценка од предметите важни за запишување на гранките на супспецијализација во зависност од гранката на супспецијализација на која кандидатот се пријавува - најмногу 15 бода;
3. Завршени: магистерски студии-8 бода, докторски студии-10 бода, специјалистички студии по дентална медицина -15 бода;
4. Запишани : магистерски студии-5 бода, докторски студии-8 бода, специјалистички студии по дентална медицина -10 бода;

5. Потврда за познавање странски јазик – 2 бода;
6. Работен стаж по струката, минимум 2 година ( до максимум 15 год)-максимално 3 бода;
7. Работен стаж како специјалист минимум 1 година ( до максимум 15 год)-максимално 5 бода

**Член 4**

Методологијата на изразување на критериумите од член 3 на оваа одлука во бодови е следна:

- Бодовите за просечниот успех од студиите ќе се утврдува според следнава формула:

$$\frac{\text{просечен успех остварен на студиите } \times \text{ максималниот број на бодови (60)}}{\text{максимално можен просечен успех (10)}}$$

- Просечна оценка од предметите, во зависност од гранката на супспецијализација на која кандидатот се пријавува ќе се утврдува според следнава формула:

$$\frac{\text{просечен оцена од предметите } \times \text{ максималниот број на бодови (15)}}{\text{максимална можна оцена (10)}}$$

Добиените резултати врз основа на пресметката со наведените формули за критериумите просечен успех од студии и просечна оценка од предмет од областа ќе бидат пондерирани со пондери врз основа на последното објавено рангирање на високообразовните установи согласно Законот за високо образование и согласно подзаконскиот пропис за начинот на пресметување на пондерот за бодовите за просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование и успехот по предметот од областа од која се одобрува специјализацијата,односно супспецијализацијата, а кој пропис е во сила на денот на обајавување на огласот за одобрување на супспецијализации.

- Завршените магистерски студии се вреднуваат со 8 бода, доктортски студии со 10 бода, специјалистички студии по дентална медицина со 15 бода доколку кандидатот го докаже тоа со соодветен документ. За признавање на предвидените бодови од овој критериум, магистерскиот, докторскиот или стручниот труд, можат да биде од друга област, различна од областа на која припаѓа гранката за супспецијализација, но поврзана со областа стоматологија.

- Запишаните магистерски студии се вреднуваат со 5 бода, доктортски студии со 8 бода, специјалистички студии по дентална медицина со 10 бода доколку кандидатот го докаже тоа со соодветен документ.

- Познавање на странки јазик е критериум кој се вреднува со 2 бодови доколку кандидатот го докаже тоа со соодветен документ;

- Бодовите за работниот стаж по струка ќе се утврдува според следнава формула

$$\frac{\text{Месеци поминати на работа во струката х максималниот број на бодови (3)}}{\text{максимално можен работен стаж кој се вреднува (180 месеци)}}$$

Максимален работен стаж за кој се доделува максимален број на бодови 3, е 15 години или 180 месеци. Кандидати со помал стаж од 24 месеци нема да добијат бодови по овој основ. Кандидати со поголем стаж од 15 години или полни 180 месеци нема да добијат поголем број на бодови од максимално утврдениот. Работниот стаж се докажува со потврда/преглед од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

- Бодовите за работниот стаж како специјалист минимум 1 година ќе се утврдува според следнава формула :

$$\frac{\text{Месеци поминати на работа како специјалист } \times \text{ максималниот број на бодови (5)}}{\text{максимално можен работен стаж кој се вреднува (180 месеци)}}$$

Максимален работен стаж за кој се доделува максимален број на бодови е 15 години или 180 месеци. Кандидати со помал стаж од 12 месеци нема да добијат бодови по овој основ. Кандидати со поголем стаж од 15 години или


Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Стоматолошки факултет - Скопје
Ул. „Мајка Тереза“ бр. 43, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3115 647
www.stomfak.ukim.edu.mk

полни 180 месеци нема да добијат поголем број на бодови од максимално утврдениот. Работниот стаж се докажува со потврда од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Член 5**

За пресметка на предвидените бодовите од критериумите од член 4, алинеа 3 и 4, бројката на соодветните бодови во зависност од видот на завршените, односно запишаните студии се множи со пондер, добиен врз основа на последното објавено рангирање на високообразовни установи согласно Законот за високо образование, во зависност од тоа каде, односно на која рангирана установа кандидатот ги завршил наведените студии од втор, односно трет циклус.
За кандидатите кои завршиле , односно запишале втор, односно трет циклус студии на дваестеата и следните рангирани високообразовни установи, како и установи кои не се рангирани, а се акредитирани, се зема предвид пондер 0,05.
Се применува ранг листата објавена на веб страната на Министерството образование и наука на Република Северна Македонија.
За кандидатите кои завршиле, односно запишале втор, односно трет циклус студии на високообразовни установи во странство кои се рангирани во првите 500 на Шангајската листа и на универзитети во земјите членки на ЕУ се зема во предвид пондер 1, а за останатите странски високообразовни установи пондер 0,9.

**Член 6**

Потребни документи за поднесување пријава за одобрување на суспецијализација:

**(1)** ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за докажување на исполнетост на условите за одобрување на супспецијализација кои кандидатот треба да ги достави:
а) Диплома за завршен Стоматолошки факултет;
б) Уверение за завршен Стоматолошки факултет;
в) Уверение за положен специјалистички испит;
г) Уверение за положен стручен испит;
д) Лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија;
ѓ) Македонско државјанство;
е)Потврда од Агенција за вработување за работен стаж, односно невработеност.

**(2)** АЛТЕРНАТИВНО ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за кандидати кои завршиле студии, приправнички стаж или специјализација во странство:
а) Доколку кандидатот завршил високо образование (Стоматолошки факултет) во странство истиот треба да достави Решение за признавање на стекната високообразовна квалификација во странство (нострификација на диплома) и превод на дипломата и уверението.
б) Доколку системот за оценување каде завршил Стоматолошки факултет кандидатот е различен од системот за оценување прифатен во Република Северна Македонија ќе се бара документ за еквиваленција на оценки со одреден просек бидејќи критериуми за селекција на кандидатие се остварен просечен успех во студирањето и просечен успех од оцеката по предметот/те .
в) Доколку кандидатот пробната работа, односно приправничкиот стаж го завршил во странство ќе треба да достави уверение за признат стаж и стручен испит во странство.
г) Докулку кандидатот завршил специјализација или дел од специјализација во странство, истиот треба да достави Решение за признавање на специјализација или дел од специјализацијата во странство издадено од Министерството за здравство, како и превод на издадениот документ за завршена специјализација, односно дел од специјализација во странство.

**(3)** За докажување на исполнетост на останатите критериуми за селекција, кандидатот треба да достави:
- за докажување на просекот од студиите и просечната оцена од предметите, документите наведени под А) и/или Б) од точка 1 на овој член;
- За докажување дека кандидатот завршил втор или трет циклус студии: диплома за завршени студии, односно уверение за завршени студии;
- за докажување дека е запишан на втор или трет циклус на студии: потврда издадена од Факултетот каде е запишан и копија од индекс заверена на нотар од првите две страни верно на оригинал;

- за докажување на познавање странски јазик кандидатот треба да достави: сертификат од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје или меѓународно признат сертификат. Доказите за познавање на некој од светските јазици не смее да биде постар од 2 години од денот на издавањето на документите;
- за докажување на работен стаж – потврда за работен стаж со наведен временски период во јавна или приватна стоматолошка здравствена установа – ординација издадена од Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

(4) Начинот на претварање на критериумите во бодови е утврден во Кратко Упатство за примена на методологија за претварање на критериумите во бодови во постапката за одобрување на суспецијализации по оглас.

**ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ**

**член 7**

Запишувањето на кандидати на суспецијализација се врши врз основа на јавен конкурс објавен во најмалку два дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Северна Македонија и на web страната на Факултетот, кој трае 30 дена сметано од наредниот ден на објавата.

Конкурсот за запишување и одобрување на суспецијализации содржи:
- рок во кој се доставуваат пријавите,
- број на отворени места по секоја гранка на суспецијализација,
- најкратко времетраење на суспецијализацијата,
- услови за упис и критериуми за селекција на кандидати,
- потребни документи.

**член 8**

По истекот на рокот за доставување на пријавите за одобрување на суспецијализација, Одборот за специјализации и суспецијализации врз основа на утврдените критериуми изготвува прелиминарна ранг листа во рок од 10 работни дена сметано од последниот ден за поднесување на пријавите која се истакнува на огласна табла и се објавува на веб страната на Факултетот.

**член 9**

Незадоволните кандидати имаат право на приговор за евентуални грешки во пресметката на бодовите на кандидатот. Приговорот во рок од 24 часа од денот на објавата на прелиминарната листа се поднесува во архивата на факултетот или електронски до Второстепена комисија за одлучување по приговори при спроведување на постапка за одобрување на суспецијализации на следнава маил адреса sfs@stomfak.ukim.edu.mk. Второстепената комисија е работно стручно тело за чиј состав одлучува Наставно-научниот совет. Членови на Второстепената комисија не смеат да бидат членови на Одборот за специјализации и суспецијализации.

**член 10**

Второстепената комисија за одлучување по приговори при спроведување на постапка за одобрување на суспецијализации по поднесените приговори е должна да одлучи во рок од 2 работни дена. Целокупната доставена документација на незадоволниот кандидат по поднесување на приговор се дава на увид на Второстепената комисија истиот ден по приемот на приговорот.
Второстепената комисија по приговорите одлучува со решение кое е конечно.

**член 11**

По истекот на рокот за поднесување на приговори, доколку приговори не се поднесени или по истекот на рокот за одлучување на Второстепената комисија доколку има поднесено приговори, Одборот за специјализации и суспецијализации ќе донесе конечна ранг листа која веднаш се објавува на огласната табла и на веб страната на Факултетот, а најдоцна наредниот работен ден.
Во исто време со објавата на конечната рамг листа се објавува и листата на одбиени кандидати.

**член 12**

Кандидатите кои се наоѓаат на конечната ранг листа во рок од 7 дена од објавата на истата, треба да уплатат прва рата за упис на супспецијализација, по што ќе им биде издадено решение за одобрување на супспецијализација и ќе склучат договор за уредување на меѓусебните права и обврски со Факултетот.

**член 13**

Кандидатите кои се наоѓаат на конечната ранг листа и кои во предвидениот рок нема да ги извршат обврските од член 12, ќе се смета дека се откажале од уписот на супспецијализација. На нивно место ќе се запише наредно рангиран кандидат кој е прв на листата на одбиени кандидати и кој треба да се изјасни во рок од 24 часа од електронско известување за тоа дека има можност за упис. Во таков случај ранг листата се ажурира по службена должност од страна на Стручната и административна служба.

## УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНКА НА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**член 14**

На кандидатите запишани на супспецијализација на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" Стоматолошки факултет – Скопје им се одобрува промена на гранка на супспецијализација, односно премин од една на друга гранка на супспецијализациите предвидени од областа стоматологија под услови утврдени со оваа одлука.

**член 15**

Во текот на супспецијализацијата, супспецијализантите на кои им е одобрена супспецијализација можат да поднесат барање за промена на истата .

Барањето од став 1 на овој член најрано може да биде поднесено по завршување на 6 месеци од одобрената супспецијализација, а најдоцна може да биде поднесено до истек на 12 месеци од вкупното времетраење на супспецијализацијата.

Барања поднесени надвор од предвидените рокови ќе бидат одбиени.

**член 16**

Барањето за промена на гранка за супспецијализација се поднесува заедно со потпишана согласност за промена на првично одобрената по конкурс супспецијализација од назначениот ментор на супспецијализантот и потпишана прелиминарна ссогласност од слободен потенцијален ментор од гранката на супспецијализација каде супспецијализантот сака да премине.

Барањето од став 1 на овој член го разгледува раководителот на катедрата, кој дава мислење дали на соодветната катедра има услови за можен прием на нов супспецијализант заради реализација на предвидените интервенции и постапки согласно Планот и програмата за соодветната супспецијализација на која супспецијализантот сака да премине.

**член 17**

Барањето за промена на гранка на супспецијализација може да биде усвоено доколку се исполнети следниве услови:

- Согласност од назначениот ментор за одобрената супспецијализација по Конкурсот и согласност од потенцијалниот ментор од гранката на супспецијализација каде супспецијализантот сака да премине;
- Извештај за извршена компарација помеѓу изминат супспецијализантски стаж и стаж кој треба да се обави заради соодветно признавање на обавени турнуси и обавен супспецијализантски стаж од гранката на која се бара премин. Извештајот треба да содржи јасно обрзложение што супспецијализантот останува да дореализира на новата гранка на супспецијализација за да може да се изврши преминот. Извештајот го изготвува Раководителот на катедрата кој дал согласност за премин и потенцијалниот ментор кој ќе го води понатаму супспецијализантот;
- Подмирени доспеани трошоци за првично одобрената супспецијализација;
- Потпишана согласност за доплата на дополнителни трошоци за премин на новата супспецијализација поради дополнително потребно време за нејзино завршување.

**член 18**

Решението за премин од една на друга гранка на суспецијализација го донесува Деканот по оценка дали се претходно исполнети условите за премин опишани во член 15, 16 и 17 од оваа одлука.

**член 19**

Ако повеќе кандидати бараат да променат гранка на суспецијализација, а катедрата дозволи премин само за едно или повеќе места, но помалку од бројот на поднесени барања, преминот ќе се врши според тоа кој прв го поднел барањето.

**член 20**

Поднесените барања за премин на суспецијализација од други факултети или универзитети од земјата или од странство ќе се сметаат за поднесени барања согласно член 16 и 17 од оваа Одлука.
Со барањето за премин на суспецијализација од друг Универзитет/Факултет кандидатот задолжително поднесува и изјава дека се согласува да помине задолжителен стаж од најмалку 2/3 од вкупниот стаж за соодветната супсецијализација под менторство на наставник од Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет - Скопје.
Кандидатот за да премине на суспецијализација на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет - Скопје, потребно е вкупниот број на освоени бодови да е еднаков или поголем од бодовите на последниот кандидат примен на последниот конкурс од истата гранка на која се бара премин.
Решение по барањето носи деканот по предлог на Одборот за специјализации и суспецијализации кој го разгледува барањето и врши бодирање.
Незадоволниот кандидат има право на приговор, во однос на пресметката на бодовите до Второстепената комисија за одлучување по приговори при спроведување на постпака за упис на суспецијализации.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

До спроведување на рангирањето на сите универзитети запишани во регистарот на високообразовни установи во Република Северна Македонија, согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 178/2021), начинот на пресметување на пондерот за бодовоте од просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование и успехот по предметот од областа од која се одобрува суспецијализацијата ќе се спроведува така што за сите високообразовни установи ќе се применува пондер 1, согласно Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на пресметување на пондерот за бодовите за просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование и успехот по предметот од областа од која се доделува супецијализацијата, донесен од министерот за здравство, заведен со арх.број 17-2763/1 од 7.04.2022 година.

**член 22**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзино донесување.

Доставено:
- архива
- Оделение за правни и општи работи

**ДЕКАН**

**Проф. д-р Ќиро Ивановски**

Изготвил: Е.Алексовска
Одобрил: д-р В.Коколански, секретар


Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Стоматолошки факултет - Скопје
Ул. „Мајка Тереза“ бр. 43, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3115 647
www.stomfak.ukim.edu.mk